# Република Македонија
# Општина Кисела Вода

Ул.Петар Дељан број 17, 100 Скопје, Република Македонија тел.++389 2 2785-400
факс:++389 2 2770-210 е-маил: contact@kiselavoda.gov.mk;
веб страна - www.kiselavoda.gov.mk

Бр08-4886/1 12 -09- 2013 год.
Скопје

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12 и 93/13), Општина Кисела Вода, на ден 06.09.2013 година донесе:

ОДЛУКА
за неспроведување на стратегиска оцена

1.За планскиот документ Детален урбанистички план за реон Ј - Градска четврт Ј13 - Општина Кисела Вода, Скопје, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11,144/12, 55/13), не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

2.Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Кисела Вода.

3.Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став 4 од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ за ДУП Реон Ј- Градска четврт Ј13, Општина Кисела Вода, Скопје, нема да има влијание врз животната средина од причина што на овој плански опфат, согласно ГУП на Град Скопје 2012-2022година, се предвидува основна (доминантна) класа намени - А-Домување.

Просторот во рамките на планскиот опфат е дефиниран со ГУП на Град Скопје и е основа за понатамошно планирање на просторот. Ваквите намени во целост се почитуваат во предметниот ДУП. Мотивите за изработка на ДУП на овој предметен плански опфат се предвидување на нови површини за градба, реконструкција и урбанизација, редефинирање на намените, градежните и нумеричкиот дел, усогласување на примарната сообраќајна мрежа согласно ГУП на Град Скопје 2012-2022година.

4.Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Општина Кисела Вода и Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Изготвил:
Радмила Шоповска

Контролирал:
Марјанчо Тодоровски

ГРАДОНАЧАЛНИК
Билјана Беличанец Алексиќ

Generated by CamScanner from intsig.com